**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-40/5
31.12.2019
Делчево

| **ООУ„Св.Климент Охридски “ - Делчево** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 30.09 до 02.10.2019 година |
| **Број на извештај:** | 9/2/2019 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Сашко Ефтимовски |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | 5 |
| **Основач на училиштето:** | Општина Делчево |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 507 |
| **Полова структура на ученици:** | Машки: 248 Женски: 259 |
| **Број на наставници:** | 86 |
| **Претседател на Училишен одбор:** | Ванчо Стојмирски |
| **Директор на училиштето:** | Горан Димитровски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 28, 29 и 30.09.2016 |
| **Адреса на училиштето:** | Бул. Методи Митевски Брицо бб. |
| **Телефон:** | 033 410 920 |
| **Факс:** | 033 410 920 |
| **e-mail:** | svklohridskidelcevo@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | 2,75 добро |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014, 33/2015 и 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од 30 септември до 02 октомври 2019 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација за работата на ООУ„Св. Климент Охридски“- Делчево.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види за време на престојот во училиштето, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Св. Климент Охридски“- Делчево, е **добра - 2,75.**

Воспитно образовната работа во училиштето се организира и остварува според наставните планови и програми за основно образование, кои на предлог на Биро за развој на образование, ги утврдува министерот за образование и наука.

Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на првата родителска средба.

Во училиштето се реализира настава за ученици со посебни образовни потреби. За вкупно 8 ученици од прво до деветто одделение формирани се пет посебни паралелки – една комбинирана од прво до петто одделение со двајца ученици и пет ученици во четири паралелки од шесто до деветто одделение. Сите ученици се со наод и мислење од Комисија за категоризација. Наставата за учениците во посебните паралелки се реализира согласно наставниот план и програма од I до IX одделение за ученици со пречки во психичкиот развој. Со инклузија во редовната настава се вклучени тројца ученици

Училиштето организира продолжен престој за учениците од прво до трето одделение, за што има обезбедено и согласност од МОН во минатата учебна година. Во оваа година има над 30 ученици во продолжен престој.

Постапката за изборни предмети се почитува во целост, доследно според потребите на учениците. Во училиштето има воспоставена процедура за избор на еден предмет преку анкетирање на родителите од листата на предмети. Изборот на предмети е според наставниот план и програма. Во оваа учебна година не се изучува изборниот предмет *Творештво*, бидејќи немало доволен број на родители кои се изјасниле позитивно на спроведената анкета. Во училиштето се изготвува извештај од спроведената анкета на родителите за изборните предмети кои ќе се изучуваат во наредната учебна година. Постапката за избор е транспарентна.

Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат воннаставни активности: ученичките натпревари, активности на ученичката заедница, општествено корисна и хуманитарна работа, ученичките екскурзии и слободните ученички активности. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат по сопствена желба и интерес.

Училиштето учествува во манифестации и настани организирани од општината како и на регионални настани.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Климент Охридски Делчево“ (со дел. бр.30920140003250 од 26.12.2014 година) кој е вклучен во системите на натпревари кои ги организира Федерацијата на училишни спортови на Македонија (потврда од ФУСМ 03-10 од 27.01.2015).

Училиштето прибира податоци за постигањата на учениците и изготвува полугодишни и годишни извештаи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците по пол, етничка припадност и наставни предмети.

Постигањата на учениците (8 осум) во паралелките со посебни образовни потреби, се следат индивидуално од страна на училишниот дефектолог од I до V одделение и предметните наставници кои реализираат настава од VI до IX одделение. Во учебната 2019/2020 година, во редовната настава, вклучени се 3 ученици со посебни образовни.

Во учебната 2019/2020 година, идентификувани се 5 ученици со потешкотии во учењето, но од разговорот со наставниците, констатирано е дека бројот на ученици е поголем.

Во учебната 2018/2019 година, од страна на психологот, отпочната е постапка за советување на родители, по основ на негативна оценка по три или повеќе предмети, но истата завршила само со индивидуални средби со родителите.

Училиштето нема податоци за реализирани советувања на родители и ученици и во учебните 2016/17 година и 2017/2018 година, односно во полугодишните и годишните извештаи за последните три учебни години нема податоци за реализирани советувања.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво.

Во учебната 2018/2019 година, ученици учествувале на општински и државни натпревари по македонски јазик, англиски јазик, француски јазик, германски јазик, италијански јазик, математика, природни науки, географија, биологија, физика, хемија, музичко образование и спортски натпревари (ракомет, кошарка, футсал), на кои имаат освоени прво, второ и трето место или учениците биле наградени со пофалница.

Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, согласно дадени критериуми во Правилникот за видовите пофалби и награди на учениците, (бр.01-461/1 од 07.07.2016 година), кој се наградува со награда обезбедена од училиштето.

Училиштето ги опфаќа учениците од градот согласно реонизацијата на општината и населените места с. Разловци, с.Traботивиште, с. Вирче, с. Град и с.Стамер.

Училиштето врши упис и на ученици кои согласно реонизацијата припаѓаат на друго училиште.

Во последните три учебни години, нема ученици кои на крајот од учебната година, со една или две слаби се упатени на дополнителна настава или поправен испит.

Во училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба и директорот. Кај најголем број наставници планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата.

Распоредот на часови за предметна настава го изготвува наставник по информатика преку компјутерска програма.

Поголем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување и расположливи нагледни средства. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка.

Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата, но реализација на ИКТ на наставните часови е отежната поради малиот број на функционални компјутери во училиштето.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим. Тимот има изработено програма за работа за инклузија на деца со посебни образовни потреби. За секој ученик, со однапред добиена согласност од родителот, се изготвува индивидуален образовен план. Од минатата учебна година училиштето има ангажирано 5 образовни асистенти кои работат со 5 ученика кои се инклузирани во редовна настава. Дел од наставниците кои работат според индивидуален образовен план не водат уредна документација за работата со учениците и не се врши евалуација на индивидуален образовен план.

Мал број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување. Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно. Не се врши евалуација на постигањата кај учениците со посебни образовни потреби. Потребна е дополнителна обука и поддршка во планирањето, реализацијата и оценувањето на ИОП, но и зајакнато следење на работата со учениците со посебни образовни потреби.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

Инфраструктурата во училишната зграда во централното училиште и училишните згради во с.Разловци, с.Стамер, с. Град и с. Вирче се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреда на учениците. Дел од вториот кат во училишната зграда во с.Тработивиште е ограден и забранет за движење на учениците и вработените, поради штети предизвикани со опожарување.

Пристапот во училишните згради е прилагоден на потребите на лица со телесни пречки во развојот.

Шест наставници од училиштето имаат посетувано обука за давање на прва помош на ученици и вработени при несреќни случаи,

Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди, План за заштита и спасување, бр.01-283/1 од 07.05.2019 година и Мислење од дирекцијата за заштита и спасување - Делчево, бр.09-53/2 од 13.05.2019 година. Вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на пожар е спроведена на 29 мај 2019 година. Во училишната зграда е означен правецот на движење на учениците и вработените во случај на елементарна непогода и поставена е шема за евакуација.

Хигиената во училишните простории и ходниците е добра. Хигиената во спортската сала е многу добра. Потребно е подобрување на хигиената во ПУ во с. Тработивиште.

Во училиштето, два пати во тековната година се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Последна дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена на 30.05.2019 година од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Кочани.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и грижата за здравјето на учениците, во која се планираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи), но и предавања за здрав развој, здрава храна, хронични болести итн.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски и стоматолошки прегледи и вакцини за учениците од страна на Здравствен дом Делчево.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки. Се вршат и редовни систематски прегледи, за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените.

Училиштето реализира активности за професионална ориентација на учениците од деветто одделение. Психологот спроведува тест за лична самопроценка на способностите на учениците.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри. Најголем број од наставниците уживаат респект кај родителите и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Училиштето има донесено Кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите со кој се регулирани правилата на однесување во училиштето. Училиштето нема пишани процедури за постапување во случај на кршење на правилата од страна на родителите.

Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето, на патрониот празник, преку училишниот весник „Изгрев“.

Во рамки на проектот “Меѓуетничка интеграција во образованието“, училиштето има партнер училиште, ОУ,,Толи Зордумис“ – Куманово, но немаат заеднички активности во последните две години.

Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор.

Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на зедницата.

Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во две училишни згради во Делчево, и по една училишна зграда во подрачните училишта во: с. Стамер, с. Град, с. Вирче, с. Тработивиште и с. Разловци.

Училишна зграда во Делчево е составена од два дела - стар и нов, кои се споени во една функционална целина.

Наставниот процес во училиштето го реализираат: 33 наставници во одделенска настава, 53 наставници во предметна настава, или вкупно 86 наставници (59-високо и 27-вишо образование). Во оваа учебна година има еден наставник-приправник и за него е обезбеден ментор кој има изработена програма за работа со наставникот.

Нема несоодветни наставници.

Сите наставници кои предаваат во предметна настава за ученици со посебни образовни потреби немаат дефектолошка доквалификација, освен еден наставник по географија.

Училишниот одбор е конституиран во согласност со последните измени на Законот за основно образование и брои седум члена. Сите членови на Училишен одбор – од редот на наставниците, локалната самоуправа и Совет на родители се со легитимни мандати.

Училишниот одбор има Деловник за работа (бр.02-158/2 од 26.02.2014) и Годишна програма за работа за учебната 2018/19 година. Деловникот за работа на УО е потребно да се усогласи со новиот Закон за основно образование

Училиштето обезбедува согласност за прием на наставен кадар на определено време и за формирање на паралелки со помал број на ученици од Градоначалникот и од Совет на општина. За оваа учебна година согласностите се со бр. 23-1579/1 од 26.08.2019 година и бр.09-1265/1 од 08.07.2019 година.

Директорот на училиштето е именуван за вршител на должноста директор со Решение бр.08-1313/1 од 07.11.2017, а за директор на училиштето со четиригодишен мандат е избран со Решение бр.08-783/2 од 04.05.2018, од Градоначалник на општина Делчево. Директорот обезбедува целосна поддршка за организирање на обуки и семинари за наставниците во училиштето, но и нивно финансирање кога обуките се надвор од општината. Исто така директорот обезбедува целосна поддршка за организацијата на воннаставните активности за учениците, првенствено за учествата на спортски натпревари и натпревари по наставни предмети.

Училиштето има изготвено Самоевалуација со бр. 02-578/2 од 21.09.2018 година и Програма за развој со бр.02-495/4 од 27.08.2018 година, за развоен период од 2018-2022 година.

.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ“Св.Климент Охридски“ се наоѓа во центарот на Делчево.

Во состав на училиштето се и петгодишните подрачни училишта во с.Стамер и с.Вирче и деветгодишните подрачни училишта во с.Град, с.Тработивиште и с.Разловци.

Училишниот објект на централното училиште е составен од два дела - стар и нов, кои се споени во една функционална целина. Стариот дел од училишната зграда е изграден во 1928 година и реновиран во 1996 година. Овој објект со својата надворешност претставува симбол на општината и е најстар, зачуван и во исто време функционален објект во градот. Новиот дел од училишната зграда, кој е поврзан со стариот дел, е изграден во 1986, а реновиран во 2016 година. Вкупната површина на објектот изнесува 2 552 $m^2$ и располага со 18 училници и 12 кабинета.

Наставата за учениците од прво одделение и за учениците во продолжен престој се реализира во објект кој се наоѓа во дворот на училиштето, а е во сопственост на детската градинка ОЈУДГ„Весели цветови“.

Наставата се реализира во една смена од учебната 2016/17 година, а кабинетска настава е овозможена исто така од од пред три години. Училишниот двор во централното училиште е со површина од 5 200 $m^2$ и хортикултурно е уреден, особено од западната страна каде се наоѓа бистата на патронот на училиштето.

Од предната - источна страна, училиштето располага со мини спортски терени за кошарка, одбојка, скок во далечина.

Училиштето располага со стандардна училишна спортска сала со површина од 650 $m^{2,}$, изградена во 2012 година од проект на Влада на РМ.

Во оваа учебна година во училиштето работат вкупно 86 наставници, кои реализираат настава во 60 паралелки, од кои пет се за ученици со посебни образовни потреби и една паралелка за учениците во продолжен престој.

Стручната служба ја сочинуваат педагог, психолог и библиотекар. Во амдинистративната служба има пет вработени, а како технички персонал се ангажирани 16 лица.

Училиштето е основано со Одлука на Влада на Република Македонија бр.23-1898/1 од 03.06.1996 година.

Училиштето е верифицирано со акт за верификација за редовно основно образование бр.10 – 2480/3 од 02.09.1996 година и со акт бр. 10 – 3996/1 од 27.10.1997 со акт за верификација за основно образование на ученици со лесни пречки во психичкиот развој, односно ученици со посебни образовни потреби.

Од тековната состојба за регистрација на правниот субјект во Централен регистар со бр.0805-50/150920190002314 од 13.06.2019 година, е утврдено дека матичниот број на субјектот е ЕМБС 5128374, даночниот број ЕДБ 4009996101217, со приоритетна дејност – Основно образование.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставата се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, како и адаптирани наставни програми во паралелките со ученици со посебни образовни потреби.

Во најголем дел наставните програми се реализираат во пропишаниот обем. Поради дотраената и нефункционална ИКТ опрема во училиштето реализацијата на наставните програми за предметите Работа со компјутери и основи на програмирање, не се реализира во пропишаниот обем. Отстапувања има и при реализацијата на наставната програма по физичко и здравствено образование во подрачните училишта поради немање на соодветни услови за работа.

На почетокот од учебната година родителите на родителските средби се запознаваат со соодветниот наставен план и програми според кои се изведува наставата. Училиштето има изработено информативна брошура за учениците и родителите.

Од учебната 2014/2015 година почнува изучувањето на предметите математика и природни науки според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ. Наставната програма по предметот математика е поделена на пет подрачја, и се реализира со фонд од 5 часа неделно, или 180 часа годишно. Наставната програма по природни науки е застапена во четири содржински области: научно истражување, биологија, хемија и физика, и се реализира со фонд од 2 часа неделно, или 72 часа годишно.

Во училиштето се реализира програмата „Образование за животни вештини" (ОЖВ), со вкупен фонд од 36 часа. Одделенските раководители планираат и на часовите на одделенската заедница реализираат работилници согласно прирачникот, но не водат уредна документација за реализација на содржините во наставничките портфолија. Констатирано е дека наставниците во прво одделение не постапуваат по насоките дадени од Бирото за развој на образованието, а кои се однесуваат на интеграција на содржините од ОЖВ со содржините во редовните наставни предмети, т.е. содржините од ОЖВ ги реализираат издвоено на часовите по македонски јазик.

Со отпочнувањето на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието (МИО) од учебната 2014 година во училиштето се формира училишен тим кој планира, организира и реализира предвидени активности. Тогаш училиштето обезбедило партнер училиште (ООУ„Толи Зордумис“- Куманово) со кое се реализирале заеднички активности во двете општини, и изготвило апликации за добивање на мали грантови. Соработката со партнер училиштето престанала и активностите во рамки на мултиетничката интеграција се сведуваат на самостојни активности во училиштето, интегрирани МИО содржини во наставните предмети, како и реализација на содржини на одделенските часови.

Училиштето е вклучено во Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем". Се формира Еко одбор кој има изготвен План на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти со вклученост на точките на акции од воспоставените еко-стандарди. ЕКО календарот за одбележување на значајни датуми од областа на екологијата е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето, но во дневниците на паралелките нема евидентирано работилници или тематски предавања за датумите во месец септември.

Во училиштето се реализира Програмата за „Антикорупциска едукација на учениците“. Планот на активности за реализација на Програмата е составен дел на Годишната

програма за работа на училиштето, и предвидени се предавања, работилници и прашалници за учениците од страна на наставник по граѓанско образование.

Во училиштето се реализира настава за ученици со посебни образовни потреби во посебни паралелки (комбинирана од I-V=3 ученика и 5 ученика во посебни паралелки од VI до IX одд.). Актот за верификација на работата на паралелките за ученици со посебни образовни потреби, е со број 10-3996/1 од 27.10.1997 година, донесен од Министерот за образование и физичка култура. Сите ученици се со наод и мислење за видот на попреченоста од соодветна институција. Во паралелката со посебни потреби од прво до петто одделение наставата ја реализира соодветен наставен кадар - дипломиран дефектолог. Се работи според адаптирани наставни програми за ученици со посебни образовни потреби изготвени од Биро за развој на образование. Од почетокот на оваа учебна година ангажиран е еден образовен асистент. Со четирите ученици во од VI до IX одд., наставата ја реализира постоечкиот наставен кадар, од кој само еден наставник има дефектолошка дообразба.

Со процесот на инклузија во редовна настава опфатени се 5 ученика со пречки во развојот, од кои 3 се со наод и мислење за видот на попреченоста. Од минатата учебна година преку општината биле ангажирани 5 образовни асистенти за овие ученици. Со учениците се работи според индивидуален образовен план (ИОП) со обезбедена согласност од родителите. Дел од наставниците кои работат според ИОП не водат уредна документација за работата со учениците и не се врши евалуација на ИОП.

На наставнички совет формиран е Училишен инклузивен тим, чија програма за работа е составен дел на Годишната програма на училиштето. Формирани се и поединечни Ученички инклузивни тимови. Директорот на училиштето има изготвено одлуки/решенија за овие формирани тимови од минатата учебна година..

Постапката за изборни предмети се спроведува во целост согласно наставниот план од шесто до деветто одд., и најчесто се почитуваат потребите и барањата на учениците. Во училиштето има воспоставена процедура за избор на повеќе од три предмети преку анкетирање на родителите. Констатиран во однос на изучувањето на изборниот предмет Творештво за учениците од четврто и петто одд. активот на наставници од овие одд., на својот состанок на 11.09.2019 година, донесува одлука Творештво да не се изучува затоа што на зададената анкета на родителите мнозинството од родителите се изјасниле негативно.

Во училиштето покрај редовната и изборната настава се реализира дополнителна и додатна настава, како и слободни ученички активности.

Училиштето организира продолжен престој за учениците од прво до петто одделение, со обезбедена согласност од МОН за организирање продолжен престој бр.12-8262/4 од 19.09.2017 година. Опфатени се 40 ученици со кои работи само 1 наставник. Програмата за работа во продолжен престој опфаќа слободни активности со учениците, пишување на домашни задачи, прошетки и игри, како и подготовки за културно-уметнички и други активности.

Училиштето реализира проширена програма за прифаќање на еден ученик со посебни потреби, кој доаѓа од друга општина.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Во училиштето се негува етничката рамноправност и мултикултурната сензитивност при реализацијата на наставните планови и програми. Училиштето има изработено Годишна програма за работа која ги содржи сите елементи за квалитетно остварување на воспитно-образовната работа и истата се имплементира во најголем дел.

Квалитетот на планирањата на наставниците е добар. Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во планирањата кај поголем број наставни програми. Имплементацијата најчесто се остварува преку посета на објекти и

институции кои се карактеристични за средината или го изразуваат нејзиното историско минато.

Училиштето поттикнува мислења и дискусии за наставните планови и програми преку формалните органи, но досега не биле покренати иницијативи за изменување или дополнување на наставните планови и програми.

### 1.3. Воннаставни активности

Со Годишната програма за работа училиштето планира и реализира воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците и влијаат врз нивниот личен и социјален развој.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат на натпревари од различни области кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво. Минатата учебна година се учествувало на регионални натпревари по физика, хемија, биологија, географија, природни науки, математика, англиски јазик, француски јазик, Детски семафор, училишен хор и при освојување на едно од првите три места се стекнале со право на учества на државни натпревари. Освоена е трета награда на државен натпревар по хемија, втора награда по биологија, прва награда по природни науки, учество на државен натпревар во Народна техника. Нема докази дека учениците работат на проекти и иницијативи од еколошка природа.

Училиштето планира реализација на ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Планирањето и подготовката на истите се врши според Правилникот за организирање на екскурзии.

Учениците се вклучуваат во изборот на воннаставните активности според своите афинитети. Во планирањето на работата на воннаставната активност постои добра соработка помеѓу учениците и одговорните наставници. Во училиштето се реализираат слободни ученички активности, со одговорни наставници кои имаат изготвено програми за работа на секцијата. Учениците членуваат во литературен клуб, драмски клуб, странски јазици, млади математичари, физичари, хемичари, историчари, еко-биолози, географска секција, информатичка секција, оркестар и хор, сообраќај и градежништво и училишен спорт.

Поголем број на ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Училиштето обезбедува услови за вклучување на ученици со посебни образовни потреби, ученици од семејства со низок социо-економски статус и различна етничка припадност во воннаставните активности.

За афирмирање на воннаставните активности се користат: локалната ТВ, училишен весник „Изгрев“, завршна приредба на училиштето.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Климент Охридски Делчево“ (со дел. бр.30920140003250 од 26.12.2014 година) кој е вклучен во системите на натпревари кои ги организира Федерацијата на училишни спортови на Македонија (потврда од ФУСМ 03-10 од 27.01.2015). Учениците со спортските екипи од клубот учествуваат на тимски и индивидуални натпревари - футсал машки и женски, кошарка машки и женски, ракомет машки и женски, односно атлетика, пинг-понг и шах. Во програмата за работа планирана е и реализација на есенски и пролетен крос со учениците од шесто до деветто одделение, велосипедизам со учениците од четврто до деветто и планинарење со учениците од шесто до деветто одделение. Агенцијата за млади и спорт издала Решение со бр. 08-883/3 од 30.04.2018 година, за исполнетост на условите на клубот за вршење дејност спорт.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1.Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци за постигањата на учениците и изготвува полугодишни и годишни извештаи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците по пол, етничка припадност и наставни предмети.

Средниот успех на учениците на крајот од првото полугодие од учебната 2016/2017 година изнесува 3,95 во учебната 2017/2018 година изнесува 4,09 и 4,07 на крајот од првото полугодие во учебната 2018/2019 година.

Средниот успех на учениците, на крајот на учебната година, изнесува 3,95 за учебната 2016/2017 година, 4,33 за учебната 2017/2018 година и 4,34 на крајот од учебната 2018/2019 година.

Училишниот педагог ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава, од каде може да се констатира дека постои намалување на успехот кај мал број на ученици при премин во предметна настава.

Постигањата на учениците во паралелките со посебни образовни потреби, се следат индивидуално од страна на училишниот дефектолог од I до V одделение и предметните наставници кои реализираат настава од VI до IX одделение. Во учебната 2019/2020 година, во редовната настава, вклучени се 4 ученици со посебни образовни.

Во учебната 2019/2020 година, идентификувани се 5 ученици со потешкотии во учењето, но од разговорот со наставниците, констатирано е дека бројот на ученици е поголем.

Во учебната 2018/2019 година, од страна на психологот, отпочната е постапка за советување на родители, по основ на негативна оценка по три или повеќе предмети, но истата завршила само со индивидуални средби со родителите.

Училиштето нема податоци за реализирани советувања на родители и ученици и во учебните 2016/17 година и 2017/2018 година, односно во Полугодишните и Годишните извештаи за последните три учебни години нема податоци за реализирани советувања.

Училиштето има изготвено распоред за дополнителна и додатна настава, кој во одделенска настава, од страна на најголем број наставници се реализира во целост. Во предметна настава, часовите од дополнителна настава, од страна на поголем број наставници не се реализираат во пропишаниот обем. Додатна настава, најголем број наставници ја организираат и реализираат во второто полугодие, само со учениците кои се подготвуваат за учество на натпревари.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво.

Во учебната 2018/2019 година, ученици учествувале на општински и државни натпревари по македонски јазик, англиски јазик, француски јазик, германски јазик, италијански јазик, математика, природни науки, географија, биологија, физика, хемија, музичко образование и спортски натпревари (ракомет, кошарка, футсал), на кои имаат освоени прво, второ и трето место или учениците биле наградени со пофалница.

Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, согласно дадени критериуми во Правилникот за видовите пофалби и награди на учениците, (бр.01-461/1 од 07.07.2016 година), кој се наградува со награда обезбедена од училиштето.

## 2.2. Задржување, осипување на учениците

Училиштето ги опфаќа учениците од градот согласно реонизацијата на општината и населените места с. Разловци, с.Тработивиште, с. Вирче, с. Град и с.Стамер.

Училиштето врши упис и на ученици кои согласно реонизацијата припаѓаат на друго училиште.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи, преку Државниот просветен инспекторат.

Училиштето обезбедува услови за запишување и на деца со посебни образовни потреби во посебните паралелки, а овозможува и вклучување на учениците во редовната настава.

До родителите се испраќаат покани за запишување на детето во основно образование, во кои се информираат за потребната документација и терминот за упис.

Уписот и тестирањето на децата го врши комисија формирана од директорот.

Во учебната 2019/20 година, во училиштето запишани се 41 ученик, 21 ученик се иселени и на 9 ученици не се запишани, родени се во 2014 година.

Училиштето добива информација за децата кои со родителите се заминати во странство, но не и дали истите се опфатени со основно образование.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности.

Вкупниот број на изостаноци по ученик во последните три учебни години изнесува: во учебната 2016/17 година, 15 оправдани изостаноци по ученик и 1,8 неоправдан изостаноци, во 2017/18 година, 20,84 оправдани и 1,16 неоправдан изостаноци по ученик и во учебната 2018/19 година, 14,37 оправдани изостаноц и 0,75 неопрадан изостаноци по ученик.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Најчести причини за намалувањето на бројот на ученици е иселувањето и заминувањето во странство, како и запишување на учениците во друго училиште.

Во текот на учебната 2016/17 испишани се 7 ученици (3 ученици се запишани во друго училиште и 4 ученици се заминати во странство), во 2017/18 испишани се 14 ученици (3 ученици се запишани во друго училиште и 11 ученици се заминати во странство) и во учебната 2018/19 испишани се 20 ученици (9 ученици се запишани во друго училиште и 11 ученици се заминати во странство).

Во училиштето евидентирана е појава и на запишување на ученици од други училишта. Во учебната 2016/17 запишани се 5 ученици, во учебната 2017/18 запишани се 2 ученици и во учебната 2018/19 година, 3 ученици. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

За учениците кои заминале во странство училиштето нема повратна информација дали истите го продолжиле своето образование.

## 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години, нема ученици кои на крајот од учебната година, со една или две слаби се упатени на дополнителна настава или поправен испит.

За учениците кои не ја посетувале наставата најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети и нема елементи за оценување, училиштето организира полагање на одделенски испит. Во учебната 2017/2018 година и во учебната 2018/2019 година, на одделенски испит биле упатени по еден ученик.

Годишните извештаи и споредбените анализи покажуваат дека од изминатите три учебни години, нема ученици ја повторувале годината.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување на жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од одредени оценки на крајот на учебната година. Во последните три учебни години, не се поднесени приговори до Наставнички совет, поради незадоволство од оценки.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

Во училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба и директорот. Оваа учебна година било договорено планирањата наставниците да ги достават во електронска форма на училишниот меил. Стручните соработници немаат изготвено инструмент за следење на квалитетот на планирањата со јасни критериуми. Училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрирано образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Училиштето не остварува соработка со посебни училишта и други релевантни институции за изработка на индивидуални образовни планови.

Кај најголем број наставници планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. За наставните предмети: математика, природни науки, биологија, хемија и физика се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ. Најголем број од наставниците редовно изготвуваат дневни подготовки за час кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата и начинот на оценување се јасни, но не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето. Освен за редовната настава наставниците имаат изготвено планови за додатна настава, дополнителна настава, план за реализација на Програмата образование за животни вештини на одделенските часови, планови за користење на ИКТ во наставата со потенцирани Е-содржини, интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Мал број од наставниците се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование.

Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи. Изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето, а за состаноците се водат записници. Соработуваат со советник од Биро за развој на образованието во Делчево.

Распоредот на часови за предметна настава го изготвува наставник по информатика со компјутерска програма. Во соработка со директорот и наставниците распоредот претрпува измени заради усогласување со наставата во подрачните училишта. Во одделенска настава распоредот го изготвуваат одделенските наставници. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава.

## 3.2. Наставен процес

Поголем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување и расположливи нагледни средства. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка.

Со Проектот на Владата на РМ „Компјутер за секое дете“ училиштето добило вкупно 405 монитори, 171 мали лап-топ компјутери и 85 лап-топ за наставници. Во училиштето функционални се 30 монитори распоредени во 5 училници. Од малите лаптопи функционални се 90 за одделенска настава, но со постојано вклучување во струја. Во подрачното училиште во с. Стамер има 5 мали лап топи, во ПУ во с. Град има 35

монитори и 10 мали лап топи, во ПУ во с.Вирче има 5 мали лап топи, во ПУ во с. Тработивиште има 16 монитори во 2 училници и 10 мали лап топи, и во ПУ во с. Разловци има 34 монитори во 4 училници и 10 мали лап топи. Поголем број од наставниците ги користат сопствените компјутери за изработка на подготовки и планирања на наставата. Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата, но реализација на ИКТ на наставните часови е отежната поради малиот број на функционални компјутери во училиштето.

Стручните соработници во училиштето и наставниците ги идентификуваат учениците со ПОП уште при уписот во прво одделение, користејќи соодветни инструменти и прибавувајќи потребни информации од родителите.

Училишниот инклузивен тим има изработено програма за работа за инклузија на деца со ПОП. За секој ученик, со однапред добиена согласност од родителот, се изготвува ИОП. Од минатата учебна година училиштето има ангажирано 5 образовни асистенти кои работата со 5 ученика кои се инклузирани во редовна настава. Дел од наставниците кои работат според ИОП не водат уредна документација за работата со учениците и не се врши евалуација на ИОП.

Во паралелката со посебни потреби од прво до петто одделение наставата ја реализира соодветен наставен кадар - дипломиран дефектолог. Се работи според адаптирани наставни програми за ученици со посебни образовни потреби изготвени од БРО. Од почетокот на оваа учебна година ангажиран е еден образовен асистент. Со четирите ученици во од VI до IX одд., наставата ја реализира постоечкиот наставен кадар, од кој само еден наставник има дефектолошка дообразба.

Изборот на задачи и активности за време на часот не секогаш е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголем број од наставниците користат одобрени учебници, прирачен материјал и расположливи ресурси.

Наставниците не секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и поголем број наставници успеваат да создадат активна работна атмосфера.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, социјално потекло, етничка и религиска припадност.

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на директорот и стручната служба. Најмногу еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник. После посетата на час се разговара и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес. Не се следи реализацијата на додатна и дополнителна настава.

## 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и во училиштето, и истите редовно се менуваат. Во училниците е поставена иконографија како активност во рамки на проектот за Меѓуетничка интеграција на образованието.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека не се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот, поголем број наставници ги охрабруваат

учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Училиштето ги ангажира учениците во вonнаставни активности, општествено корисна работа, учество на општински, регионални и државни натпревари, учество на интерни конкурси, како и конкурси организирани од општината, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Ученичката заедница има програма за работа која оваа година се реализира под менторство на педагогот. Од разговорот со членовите на ученичката заедница е утврдено дека имале еден конститутивен состанок на кој е избрено раководство, и дека не ги знаат активностите кои се предвидени во нивната програма за работа. Потребно е зајакнување на улогата на ученичката заедница.

Учениците сметаат дека интеракцијата меѓу учениците е добра. Училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците во и надвор од наставата.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници ги идентификуваат образовните потреби како и пречки во процесот на учење на учениците, но не преземаат доволно активности за исполнување на потребите и/или отстранување на пречките. Со учениците кои имаат тешкотии во учењето, стручната служба и наставниците водат индивидуални разговори, како и разговори со родителите. За учениците со посебни образовни потреби, во согласност со родителите се изработуваат индивидуални образовни планови. Се организира дополнителна настава која се реализира кај најголем број од наставниците во одделенска настава. Училиштето има потреба од обуки, дополнителна стручна литература, прирачници и инструменти за работа со ученици со ПОП.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Сите наставници се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Поголем број од наставниците при оценувањето се раководат од стандардите и критериумите за оценување дадени во националните наставни планови по наставните предмети. Мал број од наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување.

Мал број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување. Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно. Не се врши евалуација на постигањата кај учениците со ПОП. Потребна е дополнителна обука и поддршка во планирањето, реализацијата и оценувањето на ИОП, но и зајакнато следење на работата со учениците со ПОП.

Наставниците им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Поголем број од наставниците недоволно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката. За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови).

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4. 1. Севкупна грижа за учениците

Инфраструктурата во училишната зграда во централното училиште и училишните згради во с.Разловци, с.Стамер, с. Град и с. Вирче се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреда на учениците. Дел од вториот кат во училишната зграда во с.Тработивиште е ограден и забранет за движење на учениците и вработените, поради штети предизвикани со опожарување.

Пристапот во училишните згради е прилагоден на потребите на лица со телесни пречки во развојот.

Шест наставници од училиштето имаат посетувано обука за давање на прва помош на ученици и вработени при несреќни случаи,

Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди, План за заштита и спасување, бр.01-283/1 од 07.05.2019 година и Мислење од дирекцијата за заштита и спасување - Делчево, бр.09-53/2 од 13.05.2019 година. Вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на пожар е спроведена на 29 мај 2019 година. Во училишната зграда е означен правецот на движење на учениците и вработените во случај на елементарна непогода и поставена е Шема за евакуација.

За време на одморите се организираат дежурства по ходниците, од страна на наставниците. На влезот во училиштето не се води евиденција на лицата кои влегуваат однадвор.

Во централното училиште се поставени 4 хидранти и 21 противпожарни апарати во централното и подрачните училишта, кои редовно се сервисираат од страна на овластен сервис за одржување. Во училиштето нема обучени лица за ракување со противпожарните апарати и хидранти.

Училиштето склучило договор за осигурување на учениците и вработените со осигурителна компанија Еуролинк осигурување АД Скопје. При изборот на осигурителна компанија за осигурување на учениците, биле вклучени Советот на родители.

Зградата на централното училиште е осигурана преку осигурителна компанија Еуролинк осигурување АД Скопје.

Во училиштето се организира само исхрана за учениците во продолжениот престој, преку ЈУДГ „Весели Цветови“. За учениците со посебни потреби се обезбедува бесплатна исхрана.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во последните три учебни години, од страна на педагошко-психолошката служба во училиштето, со ученици од VII одделение, организирани се предавања на тема „Превенција од пушење, алкохол и дрога“. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. На часовите на класната заедница се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на конфликти. Педагошко - психолошката служба во соработка со МВР, со ученици од VIII и IX одделение, имаат реализирано работилници на тема „Училиште без насилство“, работилница „Како да се заштитиме на интернет“ едукативни предавања со учениците од I до IX одделение на тема „Превенција од употреба на петарди и други пиротехнички средства“, и „Како да стигнеме безбедно од домот до училиштето“ и работилница со учениците и наставниците на тема „Едукација за спречување на насилствата во училиштата и последици од истото“.

Училиштето има договорени процедури за обезбедување на материјални средства за ученици кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја

следат наставата под исти услови како другите ученици. Од страна на наставниците и учениците се организираат собирни акции за обезбедување храна, облека и училишен прибор.

### 4.2. Здравје

Хигиената во училишните простории и ходниците е добра. Потребно е подобрување на хигиената во ПУ во с. Тработивиште.

Во училиштето, два пати во тековната година се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Последна дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена на 30.05.2019 година од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Кочани.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и грижата за здравјето на учениците, во која се планираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи), но и предавања за здрав развој, здрава храна, хронични болести итн.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски и стоматолошки прегледи и вакцини за учениците од страна на Здравствен дом Делчево.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки. Се вршат и редовни систематски прегледи, за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените.

Во учебната 2018/2019 година, со учениците од VIII и IX одделение, реализирана е работилница на тема „Преносливост и превенција од сида“ и со учениците од IX одделение, работилница на тема „Превенција од заразни болести“.

Училиштето за учениците кои заради хронично заболување или други оправдани причини подолго време отсуствуваат од настава се постапува согласно одредбите од Законот за основно образование.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето реализира активности за професионална ориентација на учениците од деветто одделение. Психологот спроведува тест за лична самопроценка на способностите на учениците. По извршените анализи, констатирано е дека кај најголем број ученици, посакуваната професија соодејствува со нивните интереси. Учениците преку разговор со психологот во форма на советување, добиваат повратна информација за понатамошното нивно школување и писмено известување за кои способности добиле највисок просек.

Од страна на средните училишта, преку презентации, учениците се запознаваат со програмите кои се реализираат во средното образование и до учениците и родителите се доставуваат флаери и брошури.

Стручната служба води евиденција каде учениците го продолжуваат средното образование.

Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот, нередовност во наставата, намалување на поведението. За надминување на емоционалната состојба, се организираат средби на учениците со стручните соработнци и индивидуални средби со родителите и наставницит

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневникот на паралелката.

Се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Училиштето ги следи и постигањата на учениците со посебни образовни потреби. За секој ученик се води портфолио, во кое се евидентираат индивидуалните постигања.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година. Училиштето за соработка со родителите е отворено секој работен ден.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри.

Најголем број од наставниците уживаат респект кај родителите и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето.

Училиштето има донесено Кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите со кој се регулирани правилата на однесување во училиштето.

Училиштето нема пишани процедури за постапување во случај на кршење на правилата од страна на родителите.

Во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување од страна на наставниците, пропишани со кодексот, се постапува согласно Законот за основно образование, Законот за работни односи и Законот за јавни службеници. Во изминатите три учебни години, не е покрената постапка против наставник заради непочитување на правилата.

Учениците со Кодексот на однесување се запознаени на почетокот на учебната година од страна на класните раководители. Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Споредбените податоци покажуваат дека најголем број од учениците се со примерно поведение.

Во учебната 2017/2018 година, на 2 ученици е намалено поведението на добро, во учебната 2018/2019 година, согласно годишниот извештај, нема изречени педагошки мерки.

Во училиштето е донесен Куќен ред, во кој се утврдени правилата на однесување во училиштето.

Во училиштето има формирано Ученичка заедница, која има Годишна програма за работа.

За реализацијата на содржините од програмата за работа, учениците добиваат поддршка од стручните соработници во училиштето. Учениците самоиницијативно не превземаат чекори за реализирање на активности во интерес на учениците. Учениците преку ученичката заедница најчесто се носители на хуманитарни акции и активности за патрониот празник на училиштето, одбележување на значајни датуми и настани.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Стручната служба ги собира податоците за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години.

Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето, на патрониот празник, преку училишниот весник „Изгрев“.

Лични изработки и творби на учениците се истакнуваат во училниците каде учат учениците и во ходниците.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на пол и социјално потекло. Сите вработени во училиштето, правично се однесуваат со сите ученици.

Училиштето е вклучено во проектот на МОН за Меѓетничка интеграција, преку кој учениците се запознаваат со културата, верата и традициите и на другите етнички заедници. Во рамки на проектот “Меѓуетничка интеграција во образованието“, училиштето има партнер училиште, ОУ,,Толи Зордумис“ – Куманово, но немаат заеднички активности во последните две години.

Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници.

## 5.4 Партнерски однос со родителите, со локалната и со деловната заедница

Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор.

Комуникацијата со родителите најчесто се воспоставува за време на Совет на родители, родителски средби, при индивидуални средби.

Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво полугодие и две родителски средби во второ полугодие. Училиштето за соработка со родителите е отворено секој работен ден.

Родителите се запознаени со Програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците, на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родители.

Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на зедницата. Училиштето соработува со институциите на локалната заедница: ЕЛС Делчево, Полициска станица, Противпожарна единица, Здравствен дом Гоце Делчев, Црвен Крст Делчево, ЈПКД Брегалница, Дом на култура НЈВапцаров, Народна библиотека, Центар за социјални работи и Агенција за вработување.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Просторни капацитети

Училишната зграда во централното училиште се состои од: подрум, приземје, кат и поткровје на стариот дел од зградата. Училишниот простор ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во две училишни згради во Делчево, и по една училишна зграда во подрачните училишта во: с. Стамер, с. Град, с. Вирче, с. Тработивиште и с. Разловци.

Училишна зграда во Делчево е составена од два дела - стар и нов, кои се споени во една функционална целина. Стариот дел од училишната зграда е изграден во 1928 година и реновиран во 1996 година. Овој објект со својата надворешност претставува симбол на општината и е најстар, зачуван и во исто време функционален објект во градот. Новиот дел од училишната зграда, кој е поврзан со стариот дел, е изграден во 1986, а реновиран во 2016 година. Вкупната површина на објектот изнесува 2 882 $m^2$ и располага со 15 училници и 12 кабинети - Информатика и Техничко образование, Музичко образование и Ликовно образование, Македонски јазик - два кабинета, Математика - два кабинета, Англиски и Германски јазик, Англиски и Француски јазик, Физика и Хемија, Историја и Граѓанско образование, Географија и Изборни предмети, Биологија и Природни науки.

Има просторија за библиотека, канцеларии за: директор, наставници, психолог и педагог, секретар, благајник, административно техничкиот кадар, санитарни јазли, котлара, работилница, магацини и други простории. Наставата за учениците од прво одделение и за учениците во продолжен престој се реализира во објект кој се наоѓа во дворот на училиштето, а е во сопственост на детската градинка ЈУДГ„Весели цветови“. Училишниот двор во централното училиште е со површина од 5 200 $m^2$ и хортикултурно е уреден, особено оградата од западната страна која претставува насип со саксии со цвеќиња.

Во училишниот двор од западната страна е поставена и биста на патронот на училиштето.

Од предната - источна страна, училиштето располага со мини спортски терени за кошарка, одбојка, скок во далечина.

Училиштето располага со стандардна училишна спортска сала со површина од 650 $m^2$, изградена во 2012 година од проект на Влада на РМ. Хигиената во спортската сала е многу добра. Во спортската сала има простории за наставниците, соблекувални за учениците и наставниците, за спортските реквизити и санитарни јазли.

Просториите во централното училиште се загреваат со парно греење на нафта, додека во подрачните училишта се загреваат со дрва. Спортската сала се загрева со електрични калорифери - четири во сала и по еден во соблекувалните за учениците.

Во изминатите три години се реализирани неколку поголеми проекти како што е реновирање и ставање во функција на санитарни јазли за наставниците и набавка и монтажа на фотоволтаична напонска централа која исто така е во функција.

Санитарните јазли се во одлична кондиција и редовно се одржуваат.

Хигиената во училиштето и училишниот двор е добра.

Хигиената во спортската сала е многу добра.

Училиштето е обезбедено со 21 противпожарен апарат, кои редовно се сервисираат.

Училиштето има систем за електронско читање на работното време.

Сите вработени и најголем дел од учениците се осигурани во осигурителна компанија „Уника“- Скопје. Сите училишни објекти на централното и подрачните училишта и ИКТ опремата, се осигурани во истата осигурителна компанија.

Во централното училиште настава посетуваат 402 ученици од I до IX одделение, распоредени во 27 паралелки. Во училиштето се реализира настава и во пет паралелки за ученици со посебни образовни потреби, од кои една комбинирана од I-V одделение. За овие паралелки се обезбедени три училнички простории, додека за две паралелки се користат слободни училници од паралелките од редовна настава, согласно распоредот за часови. Наставата се реализира во една смена. Во училиштето се реализира и продолжен престој за учениците од прво до трето одделение.

Училишната зграда во с. Стамер е изградена во 1949 година со површина од 196 $m^2$. Располага со 3 училници, канцеларии за наставници и техничкиот кадар, а санитарните јазли се одвоени од објектот. Обезбеден е еден противпожарен апарат кој е уредно сервисиран. Училишниот двор е со површина од 2450 $m^2$, со спортски терен за мал фудбал. Во ова училиште од I до V одделение се образуваат 11 ученици, распоредени во две комбинирани и една редовна паралелка. Во ова училиште се обезбедени пет лап-топ компјутери за учениците.

Наставата во ПУ Град се реализира во две училишни згради од кои постарата е изградена во 1924, а новата во 1974 година. Вкупната корисна површина изнесува 863 $m^2$, располага со пет училници и три кабинети – македонски јазик, математика и физика и биологија и хемија. Исто така има библиотека (ја опслужува наставник со 4 часа), канцеларии за наставници и технички персонал, санитарни јазли и други простории. Училишниот двор е со површина од 6 900 $m^2$, а во него има игралиште за мал фудбал и кошарка, стаза со песок за скок во далечина. Училиштето има мала спортска сала со површина 72 $m^2$. Во кабинетите и во една училница се инсталирани вкупно 35 работни места со четири компјутери и обезбедени се 10 лап-топ компјутери за учениците од прво до трето одделение. Може да се истакне дека ПУ Град обезбедува најдобри услови за работа во однос на просторните услови, нагледноста и опременоста со ИКТ.

Во ова училиште од I до IX одделение се образуваат 34 ученици, распоредени во шест редовни и една комбинирана паралелка од второ и трето одделение. Наставата се реализира во една смена.

Училишната зграда во с. Вирче е изградена во 1950 година и реновирана во 2003 година. Има корисна површина од 394 $m^2$. Располага со 4 училници, канцеларија за наставници, санитарни јазли и други простории. Училишниот двор е со површина од 2 854 $m^2$, со игралиште за мал фудбал. Во ова училиште од I до V одделение се образуваат 9 ученици, распоредени во една редовна и две комбинирани паралелки. Обезбедени се пет лап-топ компјутери. Во ПУ Вирче не е уреден училишниот двор, необележани се надворешните спортски терени и нема стативи и кошови. Исто така во училишната зграда нема вода, поради што се носи вода во садови или цистерни.

Училишната зграда во с. Трaботивиште е изградена во 1956 година со површина од 1127 $m^2$. Располага со 8 училници, канцеларија за наставници, библиотека, простории за поранешна кујна која не се користи, санитарни јазли и помошни простории во зградата. До зградата е споена и просторија за дрва кој е во многу лоша состојба и со опасност да се одвои од зградата на училиштето. Вратите на две училници не се затвараат, додека оштетениот под во библиотеката е саниран. Напуштената кујна е исчистена во однос на состојбата од претходната интегрална евалуација, но генерално хигиената во ова подрачно училиште треба да се подобрува.

Потребна е обемна реконструкција на кровот и на зградата во целина, особено и поради фактот што во училиштето имало пожар пред повеќе од една година. Иако училишната зграда била осигурана, од осигурителната компанија не се добиени средства,

па училиштето покренало судска постапка за добивање на надоместокот предвиден со полисата за осигурување од пожар. Училишниот двор е со површина од 11 400 $m^2$.

Во ова училиште од I до IX одделение се образуваат 26 ученици, распоредени во 8 паралелки, од кои една комбинирана. Училишната библиотека ја опслужува наставник со четири часа седмично. Во две училници има инсталирани 16 работни места со два компјутери и 10 лап-топ компјутери.

Училишната зграда во с. Разловци е изградена во 1965 година со површина од 875 $m^2$ според обебзеден имотен лист за зградата. Располага со 8 училници, канцеларија за наставници, библиотека (с еопслужува со четири часа седмично), просторија за спортска сала, санитарни јазли и помошни простории во зградата. До зградата е споена и просторија за дрва во која се складираат дрвата за огрев. Училишниот двор е со површина од 5 600 $m^2$ во кој има и спортско игралиште за фудбал. Хигиената во училишната зграда делумно задоволува.

Санитарните јазли се функционални, хигиената и нивното одржување треба да се подобрува.

Во ова училиште од I до IX одделение се образуваат 34 ученици, распоредени во 8 паралелки, од кои една комбинирана. Наставата се реализира во една смена. Обезбедени се 4 компјутери со 34 активни рабнотни места и шест лап-топ компјутери за учениицте од прво до трето одделение.

Обезбедени се натписи со имиња на влезовите на сите подрачните училишта.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава, иако се потребни постојани интервенции и санации за одржување на подрачните училишта во добра кондиција. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра. Училиштето ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и настојува да ги обновува согласно потребите на воспитно-образовниот процес. Во последните две години се одвоени средства и извршени набавки на нагледни средства за наставните предмети од природните науки.

Училиштето располага со следниве наставни средства: три смарт табла, 11 ЛЦД-проектори, принтери, скенери, микроскопи, спортски реквизити и други средства за нормално функционирање на воспитно–образовниот процес. Со Проектот на Владата на РМ „Компјутер за секое дете“ во училиштето се примени 35 компјутери и 405 монитори, 171 лап топ за одделенска настава и 85 лап топи за наставниот кадар. Во училниците во централното училиште има многу мал број на инсталирани компјутери а уште помал број на функционалнаи компјутери. Единствено целосно функционани се компјутерите во кабинет по информатика, каде има инсталирани 15 персонални компјутери. Не е обезбеден стабилен интернет приступа од почетокот на годината, во старата училишна зграда.

Во подрачните деветгодишни училишта покрај лап-топ копмјутерите (36 функционални) за ученици од прво до трето одделение, инсталирани се 10 компјутери и 84 работни места, од кои по четири компјутери во Град и Разловци со 34 работни места и два компјутери со 16 работни места во Тработивиште. Поголем број од наставниците ги користат сопствените компјутери за изработка на подготовки и планирања на наставата. Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни

технологии во наставата, но нецелосно ги употребуваат во наставата, најчесто поради непостојана интернет врска.

Училишната библиотека располага со 3573 примероци од кои лектирни изданија од I до IX одделение вкупно 1235, стручна литература 74, македонска книжевност 80, Нобеловци 159, Ѕвезди на светската книжевност 293 и и останата литература без поделба застапена со 1741 примерок. Во библиотеката работи еден наставник во одделенска настава со полно работно време. Во библиотеката се чуваат и бесплатните учебници.

Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води во книга, а за издавањето на книги се издаваат евидентни картони. Нема комјутерска евиденција на книжниот фонд. Училишни библиотеки со по четири наставни часа седмично се одржуваат и во подрачните деветгодишни училишта во с.Град, с.Трработивиште и с.Разловци.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и воннаставните активности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето.

## 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат: 33 наставници во одделенска настава, 53 наставници во предметна настава, или вкупно 86 наставници (59- високо и 27-вишо образование). Од наставниот кадар 80 наставници се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, три наставника се вработени на определено работно време со полн фонд на часови и исто толкав броја на наставници се вработени на определено работно време со неполн фонд на часови.

Во оваа учебна година има еден наставник-приправник и за него е обезбеден ментор кој има изработена програма за работа со наставникот.

Нема несоодветни наставници.

Сите наставници кои предаваат во предметна настава за ученици со ПОП немаат дефектолошка доквалификација, освен еден наставник по географија.

Како подршка на учениците и наставниците во воспитно-образовниот процес се вклучени стручните соработници педагог, психолог и библиотекар. Во училиштето е вработен и дефектолог кој работи во паралелка за ученици со ПОП од 1-5 одделение. Во административната служба се вработени секретар, благајник, книговодител и администратор. Како технички персонал се вработени вкупно 11 лица од кои еден хаус мајстор, парноложач и домаќин, а останатите осум лица се хигиеничари.Во подрачните училишта има по еден хигиеничар, освен во ПУ Град и ПУ Разловци каде има по две лица.

Наставниците се организирани во релативно мал број на стручни активи односно функционираат активи за секое од 1-5 одделение и три активи во предметна настава.

При распределбата на наставниот кадар од страна на директорот е констатирано дека наставник вработен на неопределено време со полно работно време е распореден со часови за дополнување во другото училиште во градот, односно во друг правен субјект, бидејќи на наставник од истиот актив му се доделени полн фонд на часови во училиштето иако неговиот договор за трансформација е на половина работно време.

Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се обезбедува соодветна замена.

Стручните соработници (освен библиотекарот) се приправници и сеуште имааат потреба од учење и подршка, за да можат понатаму да бидат подршка на наставниот кадар и учениците.

Стручните соработници изработуваат програми за работа кои се во состав на Годишната програма за работа на училиштето.

## 6.4. Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците. Директорот целосно ги подржува обуките на наставниците кои се одржуваат во нивното или во други училишта. На иницијатива на вработени во училиштето, а во соработка со Советникот од Биро за развој на образование во Делчево, е организирана еднодневна обука за инклузивно образование и изработка на ИОП. Исто така наставниците присуствувале на обука за работа со надарени и талентирани ученици реализирана во ООУ“Ванчо Прке“ Делчево, во септември оваа година. Наставниците се вклучуваат и во обуките кои се организираат од МОН и БРО, а последна таква обука била реализирана во Штип, за начинот на организација и реализација на наставата по ФЗО од прво до петто оделение.

Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на годината. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи.

Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниците. Наставниците и стручните соработници кои работат со учениците со наод и мислење имаат постојана потреба од дополнителни обуки, стручна литература и инструменти за работа. Само еден наставник има соодветна дефектолошка доквалификација за реализација на наставните програми од 6-9 одделение за ученици со психички пречки во развојот.

Училиштето обезбедува согласност за прием на наставен кадар на определено време и за формирање на паралелки со помал број на ученици од Градоначалникот и од Совет на општина. За оваа учебна година согласностите се со бр. 23-1579/1 од 26.08.2019 година и бр.09-1265/1 од 08.07.2019 година.

## 6.5. Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Финансиското работење што го спроведува училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Раководниот кадар ги познава и ги применува механизмите за стекнување на дополнителни финансиски средства.

Училишниот одбор има донесен финансиски план и усвоен извештај за минатата година. Набавките се вршат според План за јавни набавки, со бр.01-45/1 донесен на 15.01.2019 година. Училиштето има формирано Комисија за јавни набавки и во неа има еден член од Училишниот одбор. Во училиштето нема обучено лице за спроведување на електронски јавни набавки (електронски аукции) и овие набавки ги спроведува надворешно лице на кое му се исплаќа финансиски надомест (3.000 од јавна набавка). Постапките кои ги спроведува училиштето се за набавка на канцелариски материјали, набавка на нафта за греење, средства за хигиена, огревно дрво, превоз на ученици, средства за одржување и ситен инвентар итн. Финансиското работење се контролира од Училишниот одбор преку донесување на буџет и завршна сметка и од Совет на општина

со усвојување на овие документи. Во изминатите три години редовно се прави ребаланс на сметката за наменска дотација и на сопствената сметка.

Училиштето се финансира и преку сметката за самофинансирање на која се уплаќаат и средства за екскурзии, фотографирање, издавање на спортската сала под закуп итн.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

# *7.* Управување и раководење со училиштето

## 7.1. Управување/раководење со училиштето

Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. Училишниот одбор е конституиран во согласност со последните измени на Законот за основно образование и брои седум члена. Сите членови на Училишен одбор – од редот на наставниците, локалната самоуправа и Совет на родители се со легитимни мандати.

Училишниот одбор има Деловник за работа (бр.02-158/2 од 26.02.2014) и Годишна програма за работа за учебната 2018/19 година. Деловникот за работа на УО е потребно да се усогласи со новиот Закон за основно образование

Поканите за состаноците се навремени и членовите на Училишниот одбор немаат забелешка за начинот на организирање на средбите. Се состануваат по потреба, но најчесто за исполнување на законските обврски, како што се усвојување на програми и извештаи, разгледување документи за прием на наставен кадар, усвојување на буџет и завршни сметки, планови за јавни набавки итн. Надлежностите на Училишниот одбор се дефинирани во Законот за основно образование и Статутот на училиштето.

Училишниот одбор е во релативно нов состав. Не се реализирани состаноци со цел идентификување на одредени состојби и предлагање на решенија или иницијативи за нивно надминување или подобрување. На состанокот со членовите на Училишен одбор и Совет на родители присуствуваа повеќе од 20 членови на Советот на родители и сите членови на УО, што зборува за интересот и одговорноста на претставниците на овие учиилишни органи.

Училиштето има Статут донесен во 2009 година (бр.0101-139 од 27.02.2009), односно истиот не е усогласен со законските измени и условите за работа во училиштето повеќе од 10 години.

Директорот на училиштето е именуван за вршител на должноста директор со Решение бр.08-1313/1 од 07.11.2017, а за директор на училиштето со четиригодишен мандат е избран со Решение бр.08-783/2 од 04.05.2018, од Градоначалник на општина Делчево. Директорот обезбедува целосна подршка за организирање на обуки и семинари за наставниците во училиштето, но и нивно финансирање кога обуките се надвор од општината. Исто така директорот обезбедува целосна подршка за организацијата на воннаставните активности за учениците, првенствено за учествата на спортски натпревари и натпревари по наставни предмети. Директорот ги познава и ги применува механизмите за стекнување на дополнителни финансиски средства, преку спонзорства и донации, или на пример обезбедување на образовни асистенти, обезбедување на дополнителни финансиски средства за работата на спортскиот клуб во училиштето преку локална самопурава, учества или соработка во проекти со училишта и институции од општината и државата но и со здруженија и училишта од Р.Бугарија. Во изминатите три години се реализирани неколку поголеми проекти како што е реновирање и ставање во функција на санитарни јазли за наставниците и набавка и монтажа на фотоволтаична напонска централа, понатаму санирање на оштетен дел од училишна зграда во ПУ Трработивиште, поправка на фасада во ПУ Разловци, поставување на пристапни рампи за лица со физички хендикеп во подрачните училишта, промена на прозори во ПУ Стамер.

Отежнителни околности за постигнување на целите од програмите за работење на директорот и на училиштето во делот на наставата е новиот состав на стручната служба кои се приправници (една од нив сеуште не го исполнила приправничкиот стаж, а другата подготвува стручен испит). Исто така нововработена е и секретарот во училиштето, од минатата учебна година.

Директорот именувал и помошник-директор кој е предметен наставник по историја, но во исто време е и претседател на основната синдикална организација во училиштето. На директорот и на неговиот помошник им е укажано дека овие две функции се неспоиви.

Членовите на Училишниот одбор и на Совет на родители се изјаснија дека имаат потполна соработка со директорот на училиштето.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците.

Училиштето има проблем да ја одржи компјутерската опрема фукционална,  па така деветгодишното подрачно училиште во с. Град има поголем број на активни работни места од централното училиште.

Исто така училиштето мора да ги постави како приоритети обновувањето и набавувањето на нагледни средства покрај компјутерската опрема, особено за наставните предмети од природните науки во централното училиште – физика, хемија, биологија и географија.

Иако се идентификуваат слабите страни за успешна реализација на наставата (недостиг на нагледни средства како слаба страна се констатирани и во самоевалуацијата при анализа на подрачјето – наставни планови и програми и подрачјето - подршка на учениците,  каде е констатиран недостиг на нагледни средства за наставните програми по природни науки во одделенска настава)  бавно или малку се подобрува општиот впечаток дека во централното училиште се обезбедени потребни ресурси за да може да се констатира дека кабинетската настава се реализира во целосно опремени и функционални кабинети.

Од тие причини училишната политика која ја креираат сите органи во училиштето мора да понуди и реализира постапни чекори кон надминување на идентификуваните приоритети.

Училиштето мора да изнајде едноставно решение на пример за организацијата на користење на спортските терени во училишниот двор за наставата по ФЗО, бидејќи инспекцискиот тим се увери дека наставниците (одделенски и предметни) се договараат за користењето на спортските терени откога ќе излезат на час со учениците. Во тој дел е карактеристично дека одделенските наставници (особено наставничките) наставата по ФЗО не ја реализирааат во соодветна опрема или облека.

## 7.3 Развојно планирање

Креирањето на квалитетна интерна образовна политика и самоевалуација на процесите се страна на училиштето која треба да се подобрува. Училиштето има изготвено Самоевалуација со бр. 02-578/2 од 21.09.2018 година во која се обработени седумте подрачја на анализа за работата на училиштето. Определени се јаки и слаби страни, без одредени евалуативни оценки за подрачјата. Тимовите одговорни за анализа на подрачјата спровеле анкети со учениците, родителите и наставниците и резултатите ги прикажале табеларно за секое подрачје. Најголем дел од наодите се реални (недостиг на нагледни средства како слаба страна се констатирани при анализа на подрачјето – наставни планови и програми и подрачјето - подршка на учениците,  каде е констатиран недостиг на нагледни средства за наставните програми по природни науки во одделенска настава).

Сепак во подрачјето Ресурси, како клучна јака страна е наведено дека е обезбеден компјутер за секое дете, иако ваквата констатација не одговара на реалноста во централното училиште.

Програмата за развој на училиштето е усвоена на седница на Училишен одбор со Одлука бр.02-495/4 од 27.08.2018 година, за развоен период од 2018-2022 година.

Во четиригодишниот период за реализација на овој доголорочен програмски документ се претставени три стратешки цели:

1. Подобрување на квалитетот на наставата
2. Осовременување на материјално-техничките средства и
3. Подобрување на функционалноста на училишната зграда и естетско уредување на училишниот двор

Реализацијата на овие стратешки цели е предвидено да се одвива преку исполнување на вкупно девет развојни цели за периодот од 2018-2022 година.

Впечаток на инспекцискиот тим е дека од досега преземените активности најмногу е постигнато во делот на реализација на 3-та стратешка цел. Најголемиот дел од училишниот двор е уреден, а училишната зграда станува енергетски ефикасна со во најголем дел заменетата столарија и реконструираниот кров како и со нововградените фотоволтаични колектори. Исто така голем напредок има во ентериерното естетско уредување на ѕидовите во ходниците и училниците преку сликање на различни теми и образовни пораки, од страна на вработено техничко лице во училиштето. Во периодот од претходната интегрална евлауција се извршени и поголеми зафати како санирање на оштетен дел од училишна зграда во ПУ Трaботивиште, поправка на фасада во ПУ Разловци, поставување на пристапни рампи за лица со физички хендикеп во подрачните училишта, промена на прозори во ПУ Стамер.

Училиштето има програма за Професионален развој која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Интересот на наставниците за професионален развој, училиштето односно директорот целосно го подржуваат преку обезбедување на средства или организација на обуки во училиштето. Наставниците учествуваат на семинари организирани од МОН и БРО, но и обуки и семинари кои се организирани од училиштето. Наставниците имаат потреба од обуки за работа со ученици со ПОП и изработка на ИОП. Во оваа година е посетена обука за наставници од одделенска настава и предметни наставници по ФЗО за реализација на наставата по ФЗО од прво до петто одделение.

Училиштето организирало обука за инклузивно образование во соработка со Советникот на БРО во Делчево, со тимови на училишта кои веќе имале обука за инклузивно образование. Исто така во септември е реализирана и обука за работа со талентирани и надарени ученици за наставници од двете основни училишта во Делчево.

# Наоди и препораки

## Јаки страни

- Во училиштето се реализира продолжен престој за ученици од прво до трето одделение
- Обезбедени образовни асистенти за ученици со посебни потреби и потешкотии инклузирани во настава
- Пристапна рампа за лица со физички пречки
- Обезбедени натписи со имињата на подрачните училишта
- Вградени фотоволтаични колектори за електрична енергија
- Хигиената во централното училиште и спортската сала е многу добра
- Успешна соработка со деловна заедница, институции, училишта од државата и надвор од неа

## Слаби страни

- Постапката за советување на родители не се спроведува во согласност со Законот за основно образование
- Не се врши евалуација на Индивидуалните образовни планови
- Недоволна функционална ИКТ опрема и необезбеден пристап до интернет во едниот дел на училишната зграда
- Сатутот на училиштето не е усогласен со законските измени и условите за работа во училиштето од неговото донесување во 2009 година
- Хигиената во училишната зграда во с.Работивиште делумно задоволува

## Препораки

- Постапката за советување на родители да се спроведува во согласност со член 76, 77, 78 од Законот за основно образование
- Задолжително вршење евалуација на ИОП за учениците изготвени од инклузивните тимови
- Обезбедување на целосна покриеност на наставата со функционална ИКТ опрема и постојан пристап до интернет
- Училиштето да обезбеди усогласување на Статутот на училиштето со важечките законски измени и условите за работа
- Подобрување на хигиената во училишната зграда во с.Работивиште

| | |
|---|---|
| Сашко Ефтимовски,  раководител на инспекцискиот тим | |
| Сузана Секуловска,  инспектор | |
| Елена Павлова, инспектор | |